**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број: 02-1403/19
Датум: 24.8.2022 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј*" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), а по претходно дадено позитивно мислење од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на **24.8.2022** година, донесе

# ОДЛУКА

за утврдување на краен рок за дипломирање

1. Студентите запишани на некоја од студиските програми на прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии заклучно со учебната 2016/2017 година (акредитација 2012 година) треба да ги завршат започнатите студии според наставната програма што ја запишале најдоцна до 30 септември 2024 година.

2. Студентите кои во овој рок нема да дипломираат, а сакаат да го продолжат своето школување можат да се префрлат на некоја од тековните студиски програми, според правила што важат на денот на запишување со еквиваленција на положените предметни програми.

3. Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, одделението за студентски прашања, секретарот, веб страницата и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски